РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1041/2
17-03-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата, на 29-тата седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1041/1 од 06.03.2026 година, со наводи за неправилности во работењето на матичар од матичното подрачје ///, **СЕ ОТФРЛА.**

Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување по пријавата, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Управата за водење матични книги - Сектор за управно-надзорни работи во областа на матичното работење.

Предметот со број 12-1041/1 од 06.03.2026 година како завршен да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на непознат подносител, на ден 06.03.2026 година е поднесена пријава во која се укажува на неправилности во работењето на службено лице - матичар /// од ///, поврзани со матичната служба и чувањето на податоците од матичната евиденција, врз основа на која е оформен предмет со број 12-1041/1 од 06.03.2026 година.

По разгледувањето на пријавата Државната комисија констатира дека станува збор за наводи кои се во надлежност на Секторот за управно-надзорни работи во областа на матичното работење при Управата за водење матични книги, кој врши надзор над матичното работење на целата територија на Република Северна

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Македонија, поради што одлучи предметот да го достави на надлежно постапување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., член на ДКСК